Број: 0805-50/150120240027207

Датум и време: 31.10.2024 г. 08:34

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 4743938 |
| **Целосен назив:** | ТЕАТАРСКА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА Скопје |
| **Кратко име:** | ТММ Скопје |
| **Седиште:** | БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.1-1/Блок 12 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Датум на основање:** | 14.10.1993 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Недефинирана |
| **ЕДБ:** | 4030993226786 |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 10.3 - културно здружение |
| **Надлежен регистар:** | Регистар на здруженија и сојузи |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место |

## ОВЛАСТУВАЊА

### Овластени лица

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 2508970450239 |
| **Име и презиме:** | НЕЛКО НЕЛКОВСКИ |
| **Адреса:** | ПЕЛИНЦЕ бр.15 СКОПЈЕ, КАРПОШ |
| **Овластувања:** | Претседател |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Дополнителни информации:** | цели: Да ги обединува и претставува театарските, драмските, оперските, балетските, музичките, фолклорните, филмските, ликовните, телевизиските, модните и сценските уметници и правни субјекти од земјата и да ги претставува и застапува пред државните институции во Република Македонија и во Светот;да ги обединува и претставува како национално тело театарските критичари од Република Македонија и да ги претставува во Светот, преку членство на ТММ во ИАТЦ Интернационалната Асоцијација на Театарска Критика - IATC - International Association of Theatre Critics (IACT) 1956 http://aict-iatc.org;да ги обединува и претставува како национално тело театарските вљубеници кои работат во областа на аматерскиот театар и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во Интернационалната Асоцијација на Аматерски Театар - АИТА/ИАТА - AITA/IATA - International Amateur Theatre Association (IATA) 1952 (http://www.aitaiata.orfi);да ги обединува и претставува како национално тело театарските уметници кои работат во областа на театарот за деца и млади и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во АСИТЕЖ - Интернационалната Асоцијација на Театар за Деца и Млади - ASSITEJ - International Association of Theatre for Children and Young People (ASSITEJ) 1965 http://www.assitej.org ;да ги обединува и претставува како национално тело театарските педагози, професори по драма, македонски јазик и други јазици кои го третираат театарот и драмата во образованието и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во ИДЕА - Интернационалната Асоцијација на Драмата во Образованието - IDEA - International Drama In Education Association;да ги обединува и претставува како национално тело сите културни работници кои активно партиципираат во културните активности во земјата и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во АМАТЕО -Европската Асоцијација за Активна Партиципација во Културни Активности -АМАТЕО - European Network for Active Participation in Cultural Actitivities;да ги обединува и претставува како национално тело студентите кои работат во областа на театарот на факултетите во земјата и да ги претставува во Светот преку членство во ИУТА - Интернационалната Асоцијација на Театри при Универзитети - International University Theatre Association (AITU-IUTA) www.aitu-iuta.org;да ги обединува и претставува како национално тело актерите и како синдикат да ги претставува и да се грижи за нивните права во земјата а истовремено да ги претставува и во Светот преку членство на ТММ во ФИА -Интернационалната Асоцијација на Актери - FIA - The Federation International of Actors www.fia-actors.com 1957;да ги обединува и претставува како национално тело театарските истражувачи, театролози и театарските научници и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во ФИРТ - Интернационалната Асоцијација на Театарско Истражување - Federation for Theatre Research (FIRT) 1957 www.firt-iftr.org;да ги обединува и претставува како национално тело актерите, режисерите, сценографите, костимографите и останатите уметнци кои работат во областа на кукленоиот театар во сите негови форми и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во УНИМА - Интернационалната Кукларска Асоцијација - Union Internationale de la Marionnette - (UNIMA) 1929 www.unima.orR;да ги обединува и претставува како национално тело библиотеките и музеите на изведувачки |

| | |
|---|---|
| | уметности и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во СИБМАС - Интернационалната Асоцијација на Библиотеки и Музеи за Изведувачки Уметности - International Society of Libraries and Museums for the Performing Arts (SIBMAS) 1954 www.theatrelibrary.org/sibmas/sibmas.h;да ги обединува и претставува како национално тело сценографите, театарските архитекти и техничарите и да ги претставува во Светот преку членство на ТММ во Интернационалната Асоцијација на Сценографи, Театарски Архитекти и Техничари ОСТАТ - и целите во чл.5 од Статутот. |
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | nelkomk@gmail.com |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:** ____________

**Овластено лице:** ____________

**Театарска Младина на Македонија**

*Национален Центар за меѓународните театарски организации*

***IATC, IATA, IDEA, IUTA, AMATEO, Адр:*** *П.Фах 11, 1060, Ѓорче Петров, Скопје*

***Тел.: 070-205-839*** www.aict-iatc.org www.aitaiata.org

***www.teatarskakritika.mk***

**tmmprojects1@gmail.com**

# П О Р Т Ф О Л И О

## НА ТЕАТАРСКА МЛАДИНА

## НА

## МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2022 година

Цел свет е сцена.

Театарска Младина на Македонија е организација која работи на поттикнување, афирмација и развој на театарското и драмско творештво во земјата и негова презентација и афирмација во светот.

ТММ е формирана  во 1993 година и растеше и се развиваше напоредно со растот, развивањето и меѓународното интегрирање на земјата.

Во првата деката на своето постоење организацијата чекор по чекор се етаблираше во земјата и во светот, воспоставувајќи комуникација и соработка со вкупната драмска фела во земјата, како и со релевентните меѓународни организации и институции.

Во првиот период организацијата стана полноправна членка на Младинскиот Совет на Македонија и со свои активности го презентираше театарот, драмата, театрологијата и театарските уметници при презентациите на македонската младина и култура во Советот на Европа во Стразбур, 1994 година и во Организацијата на Обединетите Нации во Њујорк во 1996 година.

Во овој период ТММ зеде активно учество во програмите и проектите на Советот на Европа и активно учествуваше во реализацијата на Кампањата за толеранција во 1996/7 година.

Во 1997 година организацијата ја доби првата значителна финансиска поддршка, преку учеството во програмата на Институтот за трајни заедници, со проектот Македонска Еколошка Кампања, во рамките на кој беше снимен документарен филм „Да го зачуваме светот„, беше организирана еколошка кампања за зачувување на природата, беше издаден еколошки прирачник „Да го зачуваме светот„ и еколошката драма „Одлетување„ беше испечатена во 30.000 примероци на македонски, албански, турски и српски јазик. Како завршен дел на проектот, за прв пат беше организирана презентација на организацијата и

на проектот во сите општини во земјата, при што беа посетени општините, театрите, домовите на култура и беше воспоставена структура на организацијата во сите градови на земјата.

Во 1998 година организацијата учествуваше во формирањето на фестивалот „Лица без маски„ и беше активен учесник во првите пет години од неговото постење.

По интезивно меѓународно аплицирање, конечно во 1998 година беше успешно прифатена првата апликација на ТММ и театарската група „Хиперкинетичка театарска група Г-6„ составена од ученици од средното училиште „Кочо Рацин„ во Скопје зеде учество на Првиот фестивал „ЕЛ ПАТИ„ во Гирона, Шпанија.

Во 2002 до 2004 година организацијата го спроведе големиот проект „Имам право да знам“ со театар во борбата против СИДА-та, со поддршка на УНИЦЕФ, при што беа формирани 15 младински театри, рамномерно распоредени во целата земја, беше организирана нивната комплетна работа, беа создадени – напишани, подготвени и изедени 15 премиерни претстави и беше организирани театарски фестивал.

Во 2018 година организацијата учествуваше во регионалниот проект во рамките на програмата RYCO, каде што беше подготвена претстава со заедничко учество на млади театарски уметници од сите балкански земји, под наслов „Неизговорени гласови“, на тема – предрасудите на балканот и истата беше изведена во повеќе балкански земји.

Во 1999 година, ТММ, по повеќегодишна кореспонденција и учество во програмите и проектите, аплицираше и во следните неколку години, стана полноправна членка и национален центар на организациите:

AITA/IATA – Меѓународна организација на аматерски театар

IATC – Меѓународна организација на театарска критика

IDEA – Меѓународна организација на едукација преку драма

IATU – Меѓународна организација на театарски универзитети

ASITEJ – Меѓународната организација на театар за деца и млади

Организацијата во следните 15 години активно партиципираше во сите организации, на високо ниво го претставуваше театарот од нашата земја а информациите и меѓународните можности што ги нудат овие организации ги дисперзираше преку електронскиот билтен „ТЕАТАРОТ ВО СВЕТОТ„ кој електронски се доставуваше до сите релевантни театарски субјекти во земјата.

Во првите години на учество во меѓународните организации, котизацијата ТММ ја плаќаше самостојно од своите средства а во последните десетина години, аплицира во Министерството за култура и добиваше финансиска поддршка за котизациите во AITA/IATA – Меѓунароната организација на аматерски театар и IATC – Меѓународната организација за театарска критика. За жал, оваа пракса беше прекината во 2023 година  не беше добиена поддршка за котизации во овие организации за 2023 и 2024 година и организацијата самостојно ги обезбедува овие средства, иако, со учеството во работата на овие меѓународни мрежи, нашата организација експлицитно го артикулира националниот интерес во областа на културата, како што е и насловен повикот за проекти од страна на Министерството за култура и туризам.

Освен учеството во меѓународната мултилатерална соработка, како и националите проекти и програми, ТММ во повеќе наврати учествуваше на меѓународни настани од исклучително значење за развојот на театарот во нашата земја, како што се:

- Учество на ЕДЕРЕД – Европски драмски средби во Виена – Австрија во 2005 година, со 6 учесници од различни градови на нашата земја;

- Учество на ЕДЕРЕД – Европски драмски средби во Москва – Русија во 2009 година со учесници од 6 градови од нашата земја;
- Учество во проектот „НЕИЗГОВОРЕНИ ГЛАСОВИ„ во рамките на програмата на Балканскиот Фонд, во 2018 година
- Учество во подготовките на двете стратегии за млади во рамките на Агенцијата за млади и спорт во 2003 година и во 2015 година;
- Поддршка од Владата за проектите и програмите на Театарска Младина на Македонија, со влегување во ставка во буџетот, при Министерството за финансии во текто на 2000-те години – првата деценија;
- Учество во сесиите за подготовка на сите до сега донесени Стратегии за култура, организирани од страна на Министерството за култура;
- Учество во проекти и програми за развивање на локланата култура и театар во повеќе општини во нашата земја.

Во овој период ТММ работи на неколку стратешки проекти поврзани со развојот на театарот и драмата во нашата земја, мобилноста на театарските уметници и нивна и на нивните дела промоција и презентација во светот.

Во 2024 година ТММ ја донесе и започна со реализација на Програмата за развој на театарската критика во Северна Македонија и започна со нејзина имплементација, која е составена од следните компоненти:

1. Веб-портал www.teatarskakritika.mk

2. Профили на социјалните мрежи: Facebook, Instagram, Treads, YouTube, LinkedIn, X.

3. Тренинг курс за нови театарски критичари

4. „МЕДИУМ – ПРИЈАТЕЛ НА ТЕАТАРОТ“ – Застапување на театарската критика во медиумите

5. „СЕКОЈ ТЕАТАРСКИ ГЛЕДАЧ Е КРИТИЧАР“ – форум

6. Институционална поддршка на театарската критика во земјата

7. Редовен преглед на театрската критика во земјата и светот

8. Годишник на театарската критика во Северна Македонија

9. Дистрибуција на списанието Critical Stage на IATC во Северна Македонија

10. Годишна награда за театарска критка

Во прилог ја доставуваме целата програма а можете да ја посетите и веб-страната како и профилите на социјалните мрежи.

Театарска Младина на Македонија е посветена на развојот на театарот и негово врвно претставување во светот, со тоа ние ја остваруваме нашата мисија, и во иднина ќе ја задржиме нашата независност во работата во насока на создавање врвни вредности врз основа на прецизни мерила и критериуми, за сеопфатен културен а со тоа и општествен развој на нашата земја.

Театарска Младина на Македонија

Претседател

д-р Нелко Нелковски с.р.

# Нелко Нелковски – Кратка Биографија - CV

Роден е на 25 Август 1970 година во Ресен.

Основно училиште и средно економско-правно образование завршува во Скопје.

По завршувањето на средното образование се запишува на Националната Академија за Театар и Филм „Крсто Сарафов„ во Софија Репубика Бугарија каде што студира Театарска и Филмска режија. Факултетот го завршива во август 1994 година.

Во учебната 99/2000 година се запишува на Факултетот за драмски уметности, на постдипломски студии по Театрологија. Ги одбраа сите достапни предмети – три задложителни и шест изборни и истите ги положува со успех. Во 2011 година го одбранува со успех магистерскиот труд *„Чехов на сцените во Македонија 1945-2010„* и се стекнува со звање Магистар по театролошки науки.

Во 1991 година го формира Театарот „Боеми„ каде што до денес има продуцирано и изрежирано 25 театарски претстави. Во 1993 година го иницирав формирањето и до денес е Претседател на Театарска Младина на Македонија – една од водечките театарски организации во земјата, членка и македонски центар на меѓународните организации за аматерски театар, едукација преку драма, театарски критичари, театар за деца и млади, театар при универзитети, слободини театарски иницијативи и друго. Раководел со три театарски кампањи на национално ниво;

Основач е и главен и одговорен уредник на електронскиот весник ТЕАТАРОТ ВО СВЕТОТ и на весникот THEATER IN THE NORTH MACEDONIA каде што се поставени сите информации поврзани театарот во нашата земја и во светот.

Претседател е на Македонскиот Центар за Култура и Развој – културолошка организација од земјата која се занимава со проекти поврзани со развојот на македонската култура и нејзино претставување во светот. Во 1999 година престојува на студиски престој во Њујорк а во 2019 во Лос Анџелес, САД.

Раководител е на пректот СКОПЈЕ-МЕТРОПОЛА – нова културна политка за градот и општините, автор на Стратегијата за развој на културата во Град Скопје за периодот 2010-2020 година и Претседател на Здружението на граѓани и Фондацијата Скопје-Метропола www.metropola.mk

Претседател е на Советот на Република Македонија за социјалната димензија на спортот без насилство, национализам и расизам.

Раководител е на регионалните проекти Балканфудбал – баканска фудбалска лига и БалканФаре.

Имаа учествувано на повеќе од 80 меѓународни конгреси, конференции, фестивали и настани поврзани со театарот, културата, спортот, евроинтеграциите и меѓународната културна соработка, во земјата и светот.

Како резултат на  политичкиот ангажман ги вршел функциите; Заменик градоначалник на Општина „Ѓорче Петров„ Советник во општината „Ѓорче Петров„ Советник во Советот на Град Скопје и Претседател на комисијата за култура на Град Скопје, Претседател на Надзорниот Одбор на Јавното Претпријатие „Службен Весник на Република Македонија„, Член е  на Комисијата за Лиценцирање на Клубовите за натпревари во УЕФА, во рамките на Фудбалската Федерација на Македонија.

Од ноември 2006 година е вработен како Режисер и Секретар за меѓународна соработка во Македонскиот Народен Театар – МНТ. Основач е на манифестацијата WORLD THEATRE.

Како Претседател на Театарска Младина на Македонија  претставник е во меѓународните театарски организации AITA/IATA, IDEA, IATU, IATC, ASSITEJ а како Претставник на Македонскиот Центар за Култура и Развој е член на ФАРЕ – мрежата – Фудбал Протви Расизмот во Европа.

Во 2018 година ја одбрани докторската теза: „Театарски фудбал – метод за взаемен третман на двата катарзични феномени „театар„ и „фудбал„ и се стекна со титула Доктор по комуниколошки науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

Објавувува научни трудови,  поезија, драми, есеи и други текстови поврзани со културното  и општественото живеење во земјата и светот;

Во прилог на DVD – диск  доставувам детална биографија CV како портфолио за вкупната моја дејност

# И З Ј А В А

Јас Нелко Нелковски, режисер и Претседател на Театарска Младина на Македонија, со ЕМБГ 2508970450239, согласно критериумите за поднесување на апликации за проекти од национален интерес, во рамките на Конкурсот на Министерството за култура и туризам за 2025 година, Изјавувам дека ќе учествувам во реализацијата на проектот; Котизации за Театарска Младина на Македонија за меѓународните организации АИЦТ/ИАТЦ – за театарска критика и АИТА/ИАТА – за аматерски театар, при што ќе ја водам процедурата за уплата на средствата добиени од страна на Министерството за кутлура и туризам во овие две меѓународни организации.

**24 Октомври 2024** **д-р Нелко Нелковски**

**С к о п ј е**

Association internationale des critiques de théâtre
International Association of Theatre Critics
a/s Jean-Pierre Han, 27, rue Beaunier, 75014 Paris, France
www.aict-iatc.org

Président/President
Mr. JEFFREY ERIC JENKINS
États-Unis/United States
+1 217 333 1819
jej@illinois.edu

Secrétaire général/
Secretary General
Mr MICHEL VAÏS
987, route Marie-Victorin
Verchères, Québec
CANADA J0L 2R0
Tel: +1 514 278 5764
michelninovais@gmail.com

Secrétaire générale adjointe/
Adjunct Secretary General
Ms. NATALIA TVALCHRELIDZE
Tel: +995 599 52 91 99
natalia.tvalchrelidze@iliauni.edu.ge

Trésorier/Treasurer
Mr STÉPHANE GILBART
Tel: +352 621 740 703
Fax: +352 33 22 82
stgilbar@pt.lu

Comité Exécutif/
Executive Committee

Vice-présidents/Vice-Presidents
Mr JEAN-PIERRE HAN
*Directeur des stages/*
*Director, training workshops*
France
jp.han@free.fr

Mr EMMANUEL DANDAURA
Nigéria/Nigeria
dandaura@gmail.com

Ms IRINA GOGOBERIDZÉ
Géorgie/Georgia
irenetval@gmail.com

Argentine/Argentina
Ms HALIMA TAHAN
halima@gmail.com

Chine/China
Ms ZHU NING
zhuningzx@sina.com

Japon/Japan
Mr MANABU NODA
manabunoda1963@hotmail.co.jp

Russie/Russia
Mr NIKOLAI PESOCHINSKY
pesochinsky@yahoo.com

Serbie/Serbia
Mr IVAN MEDENICA
*Directeur des colloques/*
*Director of Conferences*
ivan.medenica@gmail.com

Slovaquie/Slovakia
Ms ZUZANA ULIČIANSKA
zuzana.ulicianska@gmail.com
*Adjointe, direction des colloques/*
*Adjunct, Director of Conferences*

Thaïlande/Thailand
Mr PAWIT MAHASARINAND
pawit.m@chula.ac.th
*Adjoint, direction des stages/*
*Adjunct, Training Workshops*

Compte bancaire AICT/
IATC Bank Account
CIC
Agence Paris Guy Môquet
193 rue Legendre
75017 Paris, FRANCE
Code banque/Bank code: 30066
Code guichet/Branch code: 10681
No. de compte/
Account no.: 000 2004 1701 53
Iban FR76 3006 6106 8100 0200
4170 153
BIC: CMCIFRPP (JUIN/JUNE.2021)

Bridel, 12 janvier 2024

# INVOICE

**Nelko Nelkovski**
**Theatre Youth of Macedonia**
**National Center of IATC of North Macedonia**
**Fees 2023 and 2024.**

**200 (Two Hundred) €**
**= 2 x 100 €**

Stéphane Gilbart
Trésorier AICT-IATC

# AITA/IATA asbl Invoice 2023-2024

## National Centre Member Subscription

AITA/IATA
asbl

4 April 2024

Dear National Centre Member of AITA/IATA asbl

This is the Invoice for the payment to AITA/IATA asbl of your organisation's National Centre Member Fee for the Financial Year 2023-2024. **Please pay promptly and before the deadline of 30 April 2024**. If payment is not received by this deadline, AITA/IATA Council will consider if your entry should be removed from the AITA/IATA Website.

**Country: North Macedonia**

**Member:** Theater Youth of Macedonia - Teatarska Mladina na Makedonija

**Email:** nelkomk@gmail.com

**Invoice No:** National Centre Member **59 – 23/24** ***(please quote on your payment)***

**Your subscription to AITA/IATA for 23/24 is: € 350**

Payment of your annual Fee to AITA/IATA asbl can be made through either Belfius bank or Paypal. **Please ensure that the payment is made in Euro.** If you use Paypal, **please add € 3 to the payment** to ensure that AITA/IATA receive the full Fee.

| Belfius Bank | Paypal |
|---|---|
| **AITA/IATA asbl**<br>Account number:<br>**IBAN: BE25 0682 2822 7182**<br>Bank Code:<br>**BIC: GKCCBEBB**<br>**BANQUE BELFIUS SA**<br>Place Charles Rogier11<br>1210 Bruxelles<br>Belgium | • Go to www.paypal.com<br>• If you have a PayPal account, log in<br>• Click on "Send" and type in the box tresorier@aitaiata.net<br>• Click on 'Next'<br>• Type in the Fee to ensure that AITA/IATA receives the appropriate amount **in Euro**:<br>• Then, where it says "What's this for?", type in your country, organisation name and Invoice No (as above)<br>• Click on 'Next'<br>• Indicate this is for "Paying for an item or service"<br>Click on Send Money Now |

If you have any questions please contact the secretariat.

Yours sincerely

*Anne Gilmour*

**Anne Gilmour**
Secretariat, AITA/IATA asbl
secretariat@aitaiata.net

# AITA/IATA asbl Invoice 2023

## National Centre Member Subscription

AITA/IATA
asbl

31 October 2024

Dear National Centre Member of AITA/IATA asbl

This is the Invoice for the payment to AITA/IATA asbl of your organisation's National Centre Member Fee for the Financial Year 2023.

**Country: North Macedonia**

**Member:** Theater Youth of Macedonia - Teatarska Mladina na Makedonija

**Email:** nelkomk@gmail.com

**Invoice No:** National Centre Member 59 **– 2023** ***(please quote on your payment)***

**Your subscription to AITA/IATA for 2023 is: € 350**

Payment of your annual Fee to AITA/IATA asbl can be made through either Belfius bank or Paypal. **Please ensure that the payment is made in Euro.** If you use Paypal, **please add € 3 to the payment** to ensure that AITA/IATA receive the full Fee.

| Belfius Bank | Paypal |
|---|---|
| **AITA/IATA asbl**<br>Account number:<br>**IBAN: BE25 0682 2822 7182**<br>Bank Code:<br>**BIC: GKCCBEBB**<br>**BANQUE BELFIUS SA**<br>Place Charles Rogier11<br>1210 Bruxelles<br>Belgium | • Go to www.paypal.com<br>• If you have a PayPal account, log in<br>• Click on "Send" and type in the box tresorier@aitaiata.net<br>• Click on 'Next'<br>• Type in the Fee to ensure that AITA/IATA receives the appropriate amount **in Euro**:<br>• Then, where it says "What's this for?", type in your country, organisation name and Invoice No (as above)<br>• Click on 'Next'<br>• Indicate this is for "Paying for an item or service"<br>Click on Send Money Now |

If you have any questions please contact the secretariat.

Yours sincerely

*Anne Gilmour*

**Anne Gilmour**
Secretariat, AITA/IATA asbl
secretariat@aitaiata.net

<< Назад | Одјава

1 of 1 Find | Next

komercijalna banka ad skopje

Orce Nikolov Str., No.3, 1000 Skopje, P.O.Box 563
phone: (+389 2) 3168 168, infocenter: (+389 2) 3296 800
SWIFT: KOBSMK2X
e-mail: contact@kb.com.mk, www.kb.com.mk

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - **Instance Type and Transmitions** - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Notification (Transmission) of Original sent to SWIFT (ACK)

Network Delivery Status: Network Ack

Priority/Delivery: Normal

Message Input Reference: 1049240513KOBSMK2XAXXX6378589466

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - **Message Header** - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Swift Input: FIN 103 Single Customer Credit Transfer

SENDER: KOBSMK2X

KOMERCIJALNA BANKA AD SKOPJE

SKOPJE R.MACEDONIA

RECEIVER: DEUTDEFF

DEUTSCHE BANK AG

FRANKFURT AM MAIN GERMANY

{121:d221e838-f8ae-48cd-9ec2-6621da04c4e2}

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - **Message Text** - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**:20: Sender's Reference**

NS-1379391672

**:23B: Bank Operation Code**

CRED

**:32A: Value Date/Currency/Interbank Settled Amount**

Date: 13 May 2024

Currency: EUR

Amount: 200.00

**:50K: Ordering Customer**

/MK07300307005588535

NELKOVSKI NELKO

UL.PELINCE BR.15

1000 Skopje

R.MACEDONIA

**:57A: Account With Institution**

CMCIFRPP

CM - CIC BANQUES, PARIS, FRANCE

**:59: Beneficiary Customer**

/FR7630066106810002004170153

CIC-AGENCE PARIS GUY MOQUET

193 RUE LEGENDRE

75017 PARIS

FRANCE

**:70: Remittance Information**

FEES FOR 2023 AND 2024

**:71A: Details of Charges**

OUR

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - **Message Trailer** - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

{MAC:00000000}{CHK:DC871CF75BC6}

PKI Signature: MAC-Equivalent

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - **Interventions** - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Category: Network Report

Creation Time: 13.05.2024 10:53:56

Application: SWIFT Interface

Operator: SYSTEM

Text: {1:F21KOBSMK2XAXXX6378589466}{4:{177:2405131049}{451:0}}

1:54

<< Назад Одјава

1:54

## Програма за развој на театарската критика во Република Северна Македонија

Театарска Младина на Македонија како национална граѓанска организација, членка на Меѓународната организација на театарски критичари AICT/IATC ја донесе и ја покренува како општествен процес оваа Програма за долгорочен развој на театарската критика во Република Северна Македонија во насока на сопфатен развој на театарот и сите видови сценско творештво во земјата, квалитетно вреднување и оценка на сценските уметнички дела и нивно претставување, вмрежување и врвна презентација во светот.

Театарската претстава е уметност на моментот. Таа секојдневно се раѓа, изживува свој живот и умира, за повторно да се роди при следната изведба, и така во континуитет. Составен дел на театарскиот чин е гледачот кој е и консумент и градбен дел на претставата. Во исто време, секој театарски гледач е и критичар, за во судирот/спојот на неговиот светоглед со светогледот и есенцијата на сценското уметничко дело да се создаде ново синергично повисоко својство, значење, влијание, а тоа е искуството на изгледаната претстава.

Театарската критика како книжевна форма и општествена активност е вплетена во конкретната средина/контекст, при што, театарскиот

критичар во исто време и го консумира сценското уметничко дело и го оценува; му ја мери и вреднува неговата естетика, го компарира, обрнува внимание на процесот на неговото создавање и го уконтекстува во средината каде што е делото создадено, истовремено вреднувајќи го и неговото глобално значење.

Амбиентот во кој се создава, вреднува и оценува театарот, а тоа е конкретното историско време и конкретниот општествено-политички, економски и културен поредок во голема мера зависи и од тоа на кое ниво е, како е организирана, како функциоира, врз основа на кои мерила и критериуми се создава, кој ја создава и како се перцепира театарската критика, и од страна на создавачите на сценското дело – односно креативниот тим на претставата, и од официјалните културни субјекти како и од вкупната публика, односно сите театарски консументи.

За развивање на театарската критика во Република Северна Македонија и зголемување на нејзиното позитивно влијание врз естетиката, етиката и културата, кои ќе го доизградат, зајакнат и трајно развијат вкупниот сценски еко-систем на земјата, Театарска Младина на Македонија, како национална граѓанска оргнизација, ја покренува оваа програма, која е сочинета од следните компоненти:

## 1. Веб-портал www.teatarskakritika.mk

Новата веб-страна е официјален портал посветен на театарската критика во Република Северна Македонија и информирањето за сите релевантни случувања во областа на сценските уметности. На порталот ќе бидат застапени информации, линкови и објавени критики на театарските критичари од земјава и светот. Тој нуди можност секој да се логира и да ги споделува своите погледи, размислувања, идеи и критики за сите настани од областа на сценските изведувачки уметности; драмата, балетот, операта, современиот танц, пантомимата, кореодрамата, перформансот и се друго што спаѓа во сценско-изведувачката област. Порталот ќе се развива во насока на прераснување во централно место каде што редовно ќе се презентираат релевантни, точни и независни информации.

## 2. Профили на социјалните мрежи: Facebook, Instagram, Treads, YouTube, TikTok, LinkedIn, X.

Театарска Критика како активност, програма и процес на Театарска Младина на Македонија е застапена и присутна и на сите релевантни социјални мрежи, преку креираните профили, каде што синхронизирано со порталот, се објавуваат сите информации, соодветно на спецификите и форматот на конкретната мрежа.

## 3. Тренинг курс за нови театарски критичари

Професијата „театарски критичар“ во нашата земја, за жал, не егзистира како посебна дејност а причините се повеќе; малата по број театарска продукција, ограничената територија, немањето слух на медиумите дека е важно театарската критика да биде редовно застапена во соодветниот медиум. Но, театарската критика е есенцијална за вреднувањето на продукциите, нивното паметење во архивата на колективната меморија на соодветниот контекст, како и нејзината практична функција, да биде оценувач на сценското уметничко дело, што е важно и за неговите создавачи и за публиката. Театарските критичари во нашата земја главно се поединци кои се занимаваат со ова дејност дополнително, покрај нивниот основен професионален ангажман а тоа обично е новинарство, педагогија, литература, администрација во културата и слично. Во оваа смисла, и покрај постоењето на неколку факултети за драмски уметности во земјата, сеуште не постои курикулум кој ќе едуцира и произведе „театарски критичар“, ниту пак оваа професија во нашата земја има создадено свои стандарди, заеднички усвоен вредносен систем и кодекс на областа. Се очекува дека со театарска критика би требало да се занимаваат завршени студенти на драматургија или театрологија, но таквиот број на ангажирани поединци е многу мал. Имајќи го сето ова предвид, составен дел на оваа програма е и востановување на редовна обука за нови театарски критичари, со што ќе се овозможи на сите оние поединци кои имаат интерес да занимаваат со оваа активност во нашата земја, да поминт низ стручен двомесечен тренинг. Едукацијата опфаќа базична теоретска обука,

посета на театарски претстави, аплицирање на наученото преку пишување на критика на конкретни театарски претстави, заедничка опсервација и анализа, посета и запознавање со процесот на создавање на сценското уметничко дело и учество во подготовка на кратко сценско дејство, при што секој нов театарски критичар ќе го искуси вкупниот процес на создавање на еден театарски чин. Ваквите тренинзи ќе се организираат континуирано, сите нови театарски критичари кои ќе ја завршат обуката ќе добијат можност да бидат ангажирани во рамките на активностите на Театарска Критика, а нашата организација ќе работи и на обезбедување институционална медиумска поддршка и ангажман во соодветен медиум. Условот за запишување на обуката е завршено високо образование – факултет, од било која област и интерес за занимавање со театарска критика.

## 4. „МЕДИУМ – ПРИЈАТЕЛ НА ТЕАТАРОТ“ – Застапување на театарската критика во медиумите

Театарската критика, како важен сегмент за опсервацијата, оценката и контекстот на театарската претстава, е важна алка во вкупниот сценски еко-систем на земјата. Како категорија која не е дел од профитниот сегмент на потрошувачкото општество, театарската критика и работата на театарските критичари не е многу често застапена и присутна во медиумите во нашата земја. Во оваа смисла, Театарска Младина на Македонија преку овој сегмент на оваа програма, отвора долгорочен процес за обезбедување на место/простор во медиумите во земјава каде што перманетно, на неделно и месечно ниво ќе бидат објавувани и презентирани театарски критики и информации од областа на театарот. Формата и начинот ќе бидат усогласени со секој конкретен медиум, нашата организација ќе обезбеди заинтересирани и обучени театарски критичари кои ќе ја обавуваат конкретната дејност а медиумите ќе обезбедат можност и простор, согласно видот на медиумот а тоа би било – телевизиска или радио емисија за театар, театарски подкаст како и пишани театрски критики објавени во печатените и електронските медиуми. Медиумот кои ќе го потпише „Кодексот за застапување на театарската критика во медиумот„ на

Театарска Младина на Македонија ќе биде прогласен како „Медиум – пријател на театарот“, со него ќе биде воспоставена долгорочна соработка и ќе добие поддршка и своја презентација во вкупниот систем на Театарска Критика и на Театарска Младина на Македонија.

## 5. „СЕКОЈ ТЕАТАРСКИ ГЛЕДАЧ Е КРИТИЧАР“ – Форум

Овој сегмент на програмата опфаќа создавање на електронски форум - колективно критичко тело за анализа, дискусија, оценка, критика и препорака на театарските претстави во Република Северна Македонија. Активноста вклучува мотивирање, едукација и инволвирање на гледачите на театарските претстави да учествуваат во процесот на опсервирање, анализа и оценка на театарските претстави што ги гледале. Театарот и неговиот контекст се дијалектичко единство. Достапноста на информациите преку интернет и социјалните мрежи од една страна и шумот од разни вести со кој е бомбардиран современиот човек од друга, ја прават екслузивна состојбата кога гледачот минува два часа дисконектиран од интернет а конектиран со себе си и со сценското уметничко дело што го опсервира. Денес, секоја изгледана претстава е победа на човекот врз техниката, на хуманоста врз дехуманизацијата и ова е златен рудник на сознанија, релевантни реакции и корепсонденции. Освестување и едукација на театарскиот критичар во секој театарски гледач, согласно возраста, степенот на едукација и контекстот во кој тој функционира е целта на овој сегмент од програмата. Во овој процес ќе бидат максимално искористени сите можности што ги нуди комуникативната ера во која живееме, интернет и социјалните мрежи, медиумите, како и организираните посети на театарските претстави од страна на училиштата, компаниите и театарите. Квалитетот, зафатот, вредноста и моќта на една претстава, како и нејзината искористлива вредност од страна на гледачите, со ваквиот пристап ќе биде неколку пати поголема и поефективна. За тоа да се случи неопходно е вклучување на подготовка на секој гледач пред гледањето на претставата како и негов критички ангажман по завршувањето на претставата. Вкупниот пристап ќе биде „игрив“, неформален, зачуден и интересен, во насока на долгорочна едукација на

секој гледач и сеопфатен развој на театарот, што пак ќе доведе до генерален развој и на вкупното општество во целина.

## 6. Институционална поддршка на театарската критика

Театарска Младина на Македонија, во овој сегмент на програмата, покренува широка активност за зајакнување на театарската критика во земјата, преку воспоставување на соработка и потпишување меморандуми за соработка со театрите, театарските фестивали, факултетите за драмски уметности, образовните институции, граѓанските организации и сите други релевантни субјекти во земјата. Зајакнувањето на вкупната мрежа и инфраструктура на театарскиот еко-систем во земјата, преку развивање на театарската критика во сите горенаведени сегменти е долгорочен процес кој нашата организација ќе го спроведе во следниот период. Ги покануваме сите театарски критичари, театролози, теоретичари, вљубеници во театарот, театрите, фестивалите, институциите и сите заинтересирани поединци кои се дел од театарската публика, да се вклучат во програмите и активносите на овој процес. Театарот сме сите ние!

## 7. Редовен преглед на театрската критика во земјата и светот

Тековната театрска критика во земјата и во светот, како и сите релевантни настани на изведувачките уметности како што се претстави, премиери, театарски фестивали, научни симпозиуми и сите видови на општествени активности кои вклучуваат, се посветени или третираат на било кој начин сценски изведувачки уметности ќе бидат застапени, третирани, пренесени и објавени на порталот Театарска Критика и на сите профили на социјалните мрежи, во насока на навремено, квалитетно и релевантно информирање на сите заинтересирани субјекти. Освен пренесувањето на линкови кои ќе насочуваат до оригинално објавените текстови, Театарска Критика нуди можност на сите театарски критичари да се зачленат бесплатно и да добијат можност своите театарски критики да ги

објавуваат и во вкупниот систем на Театарска Критика. Добредојдени се театарски критики напишани и на други јазици кои се во употреба во нашата земја, при што, задолжително е доставување и превод на критиката на Македонски јазик. Ги покануваме сите театарски критичари од Република Северна Македонија да се приклучат во работата и активностите на Театарска Критика и на Театарска Младина на Македонија.

## 8. Годишник на театарската критика во Северна Македонија

Започнувајќи од оваа година, Театарска Младина на Македонија преку Театарска Критика ќе започне со прибирање, обработка и објавување на пресек на вкупната објавена театарска критика на земјата, во тековната година, на македонски јазик, со кратка содржина на англиски, француски, шпански, руски и кинески јазик. Целта е да започне да се создава трајна база на театарската критика во земјава и истата да стане достапна за информирање и користење на сите заинтересирани театарски критичари, театролози, театарски уметници и заинтересирани театарски вљубеници од целиот свет, за театарот и театарската критика во Република Северна Македонија. Издавањето на Годишникот е и во печатена и во електронска форма и истиот е застапен и на поралот а електронски се дистрибуира до Меѓународната организација на театарски критичари, како и до сите релевантни театри, фестивали, медиуми и организации од областа на сценските уметности во земјата и светот.

## 9. Годишна награда за театарска критка

Театарска Младина на Македонија востановува Годишна Награда за театарска критика која ќе се доделува за конкретна објавена театарска критика во областа на сценските изведувачкиументости и истата се состои во плакета и паричен износ. Вреднувањето на работата и ангажманот на театарските критичари во земјава е од клучно значење за вкупниот развој и на театарската критика и на театарот воопшто и во оваа смисла, ова е наш прилог во овој сегмент.

## 10. Дистрибуција на списанието Critical Stage/ Scènes critiques на IACT/IATC во Северна Македонија

Меѓународната организација на театарски критичари International Association of Theatre Critics двапати годишно го објавува електронското списание Critical Stage/Scènes critiques, кое прави пресек на меѓународната театарска критичка мисла во светот и детално обработува определена тема во секое негово издание. Електронското списание е на англиски јазик, бесплатно е и е достапно за сите заинтересирани театарски уметници, научници, гледачи, театарски вљубеници. Театарска Младина на Македонија, секое ново издание го доставува и преку меилинг листата на регистрираните членови на Театарска Критика, а линковите за пристап до списанието и до бесплатна претплата се поставени на порталот.

Во вкупната работа на Театарска Критика и сите активности, за овој сегмент, нашата организација го определи принципот на „златната средина“, според кој ќе се раководиме и истиот, во неговата латинска форма и на македонски и албански јазик, ќе го користиме во вкупната наша пишана кореспонденција.

**Скопје, 15 Август 2024 година**

**Театарска Младина на Македонија**
***Национален Центар на AICT/IATC***
**Претседател,**
**д-р Нелко Нелковски**